[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Архивски бр. 11-7969/2
Дата: 27.09.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : "ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР" ДООЕЛ
ул. "Божидар Аџија" бр. 1/1-50
Скопје

Предмет: Достава на решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оценка на влијанието врз животната средина за проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово.

Со почит,

Изготвил: Влатко Цветаноски
Проверил: м-р Зоран Бошев
Согласен; Александар Петковски
Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**

**Abdilaqim Ademi**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07 , 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), министерот за животна средина донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова решение се дава Согласност на барањето за спроведување на Пректот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово, за потребите на инвеститорот "ФЕЛПС ДОЦ ВАРДАР" ДООЕЛ, со седиште на ул. "Божидар Аџија" бр. 1/1-50 во Скопје

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за намалување на потенцијални влијанија врз животната средина, обработени во глава 9 од Студијата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

### *Образложение*

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) инвеститорот "ФЕЛПС ДОЦ ВАРДАР" ДООЕЛ, со седиште на ул. "Божидар Аџија" бр. 1/1-50 во Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Известување за намера за изведување на Пректот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

локалитетот "Иловица" во општина Босилово, заедно со барањето за определување на обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Согласно Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр.74/2005), се утврди дека предложениот проект се наоѓа на Прилог I - Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 16 – Каменоломи и површински ископи, каде што површината на локацијата надминува 10 ha од Уредбата. Од страна на Министерот за животна средина и просторно планирање беше формирана Комисија од преставници на Министерството за животна средина и просторно планирање за утврдување на потребата од оцена на влијанието на Пректот и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, која заради обемот на планираниот Проект одлучи за истиот да се спроведе постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел Друштвото за проектирање и инженеринг во рударството, геологијата и животната средина "РУДПЛАН" ДООЕЛ со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Драги Пелтечки од Струмица, изработија Студија за оценка на влијанијата врз животната средина согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и 51/2011).

Во Студијата се испитани и обработени следните аспекти: влијание врз амбиенталниот воздух, влијание на површинските и подземните води, влијание врз почвите, влијание врз пејсажот, влијанија врз природни реткости и заштитени територии, влијанија врз биолошката разновидност (флората, фауната и екосистемите), влијанија врз геолошката основа, влијанија врз културно, историско и археолошко наследство, управување со отпадот, влијанија врз нивото на бучава, вибрации и јонизирачко зрачење и социо-економски аспекти.

Со предлог проектот инвеститорот предвидува експлоатација, подготовка и концентрација на руда на бакар со содржина на злато, сребро и молибден од наоѓалиштето

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

"Иловица" во близина на селата Штука и Иловица, во општината Босилово. Проектот претставува нова инвестиција со капацитет за експлоатација на бакарни руди и производство на бакарен концентрат, односно т.н. "greenfield" инвестиција. Производствен процес на овој проект се состои од повеќе фази и тоа:

Прва фаза: Дупчење и минирање на карпестата маса;
Втора фаза: Товарање и транспорт на изминираниот материјал;
Трета фаза: Дробење и мелење на рудата;
Четврта фаза: Флотација; и
Петта фаза: Депонирање на рудничкиот отпад.

Како алтернативи не се разгледувани други локации, затоа што фирмата "ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР" ДООЕЛ – Скопје, предметната локација "Иловица" со веќе однапред определени координати ја има добиено со најповолна понуда на јавен тендер отворен од страна на Министерството за економија и има потпишано договор за концесија за детални геолошки истражувања со број 12-3008/5 од датум 26.05.2006 со Владата на Република Македонија. Единствено во Студијата за ОВЖС ја имаат разгледувано Нулта алтернативата, односно што доколку проектот не се спроведува. Во зоната на концесискиот простор не се евидентирани заштитени подрачја ниту пак чувствителни области.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и и 51/2011) на 01.11.2011 година во основното училиште "Гоце Делчев" во с. Босилово со почеток во 12.00 часот се одржа јавна расправа во врска со Студија за оцена на влијанијата врз животната средина за Пректот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово.

По спроведената јавна расправа, министерот за животна средина и просторно планирање формираше комисија за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово. Комисијата согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Управа за животна средина**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06) на ден 17.11.2011 година го изработи Извештајот и го достави до министерот за животна средина и просторно планирање. Согласно член 90 став 1 точка 4 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и 51/2011).

Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

**МИНИСТЕР**

**Abdilaqim Ademi**